# Р Е Ф Е Р А Т

Со писмо одлука број 03-693(1) од 02.11.09г. известени сме дека Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА - Париз Скопје Њујорк na sednicata odr`ana na den 02.11.2009г. донесе одлука со која не избра за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник по група стручно уметнички предмети од областа на Драматургија и историјата и теоријата на театарот и драмата во сите наставно научни звања на Факултетот за театарски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања на Факултетот за театарски уметности по група предмети од областа Драматургија и Историја и теорија на театарот и драмата, објавен на 27 октомври, 2009г. во весникот *Вечер,* се пријави и поднесе документација кандидатот: д-р Деспина Ангеловска. Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав М-р Јордан Плевнеш- редовен прфесор, М-р Дејан Пројковски- вондреден професор, М-р Загорка Поп-Антоска –доцент врз основа на увидот во документите и објавените научно-истражувачки и уметнички трудови, има чест на Наставно-научниот уметнички совет на факултетот за Театарски уметности при Универзитетот за аудиовизуелни уметности Европска филмска академија ЕСРА - Париз Скопје Њујорк да му го поднесе следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатката д-р Деспина Ангеловска е родена на 04 мај 1971 година, во Скопје. Д.р. Ангеловска дипломирала во 1993 г. и магистрирала во 1995 г., на Сорбона, Париз 3, стекнувајќи се со звање Магистер по театрологија. Својата докторска дисертација, посветена на современата теориска драматургија како и на драматиката на култниот драмски автор, Бернар-Мари Колтес, Ангеловска ја одбранува во 2005 година на катедрата за Компаративна книжевност, при филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје, стекнувајќи се со звањето Доктор на филолошки науки.

Од 1996 до 2001 г., кандидатката работи како асистент на Факултетот за драмски уметности, Скопје, при Катедрата за македонска и светска драма и театар. Од 2003 до 2005 г. таа работи како драматург во Драмскиот театар – Скопје, за време на кој период соработува со бројни македонски и странски режисери. Од 2005 година. кадидатката работи како виш научен соработник во научно-истражувачкиот иснтитут за хуманистички и општествени науки „Евро-Балкан„ во Скопје, а од 2007 година таа е доцент на последипломските родови студии и студиите на Југоисточна Европа при истиот институт. Ангеловска е ангажирана како надворешен професор и на додипломските родови студии при

филозофскиот факултет во Скопје, како и надворешен соработник на Мастерот за конференциско толкување при филолошкиот факултет „Блаже Конески“ Скопје. Таа е и надворешен соработник на Институт за ориентални јазици, Иналко во Париз, во чии семинари и научни симпозиуми редовно учествува со свои излагања посветени на современата македонска драматика и литература. Во рамките на своите бројни професионални и наставно-едукативни активности, д-р. Ангеловска е воедно учесник и предавач на бројни меѓународни летни универзитети, семинари, конференции и симпозиуми.

Таа е долгогодишен предавач и на Школата за род и политика, организирана од ИЦРС при Институтот „Евро-Балкан“, како и долгогодишен член на издавачкиот одбор на меѓународно реномираното списание *Идентитети: списание за род, култура и политика*, Истражувачки центар за родови студии, Институт „Евро-Балкан“- Скопје.

Д-р. Деспина Ангеловска е автор на бројни научно-истражувачки студии и трудови, критички осврти, есеи, написи и раскази, како и на бројни преводи на дела од областа на драмата, книжевноста, филозофијата, родовата теорија, итн. Таа е добитник и на повеќе меѓународни стипендии меѓу кои и на стипендијата за преведувачи од страна на Дирекцијата на книгата и читањето, при Француското Министерство за врски, за преводот на *Спекулум на другата жена* од Лис Иригаре, издание ИЦРС, Евро-Балкан, Скопје (1993). Позначајни објавени (или во процес на објавување) дела на д-р. Ангеловска се: ***Драматургијата на децентрирањето, Бернар-Мари Колтес, патување кон рабовите***, (книга во процес на објавување); “**Нечистата ќерка: осврт кон Комунистичка интима од Јасна Котеска”** во *Идентитети : списание за политика, род и култура*, ИЦРС, Институт „Евро-Балкан“- Скопје, 2009 (во процес на објавување); “**Negotiating the name, renaming the nation-state**” in *Renaming machine*, приредила Сузана Милевска, P.A.R.A.S.I.T.E., Ljubljana, 2009 (во процес на објавување);

„**Театар со отворени порти”**, Разговор со Фјоренца Мени, водечка актерка на Театрино Кландестино, *Форум*, бр. 196, 26 06 2009, Скопје, стр. 51-53; **« Транслациони идентитети и постколонијални перспективи »**, во *Идентитети : списание за политика, род и култура*, Вол.6/бр.1/ зима 2007, ИЦРС, Институт „Евро-Балкан“, Скопје; “**Транслациони идентитети”** во *Преведувањето од француски на македонски јазик и обратно*, Зборник на трудови од симпозиумот одржан на 26 09 2005 на Филолошкиот факултет”Блаже Конески “, Скопје; **“Странецот во театарот на Бернар-Мари Колтес**” во електронското компаратистичко списание, *Mirage* #16, 2006 (www.mirage.com.mk);”**Ангажираниот театар и геополитичкиот контекст**”, во *Регионот како контекст*, 359°, Скопје, 2004; ”**Враќањето кон прашината : нова балканска постколонијална кинематографија”** in *ARCHES,* бр. 4, издадено од Филозофскиот факултет при Универзитетот “Babes- Bolsai », Cluj-Napoca, Романија, јануари, 2003;

“**Враќањето кон прашината; анализа на филмот Прашина“** (2001г) на Милчо Манчевски”, во *Идентитети*, бр. 3, Истражувачки центар за родови студии, Институт Евро-Балкан, Скопје, 2002; **“(Ре)ситуирање на себството: нација, род и мултикултурни перспективи”** in *Komsi_Kapicik, култура и политика (уметноста и дефицитот на сетилноста*), 359, Скопје, 2000; **“Диво месо и неговиот двојник”** , во *Културен живот*, бр. 1/2001, Скопје; “**Младите автори на францускиот театар”** , in *Maska* n. 5-6 (70-71), Ljubljana, 2001;‘ **Баканалије Горана Стефановскега : балканска трагедија’** in *Beletrinin dramatikon* 2, Studenstka založba, Ljubljana, 2000; « **Quel théâtre pour un monde en crise?»**, in *Du théatre*, 4ème Forum du théâtre europpéen, diffusion Actes-Sud, Paris 2000; “**Роберто Зуко: Долгото патување кон смртта”**, ин *Културен живот*, бр. 1, Скопје, 1999; **“Кон Роберто Зуко во Драмскиот театар**” во *Културен живот* бр.1, Скопје,1999; “**Отворениот брич Војцек или Бихнеровата кинеманија**”, во *Театарски гласник*, бр. 46, есен, Скопје, 1999; “**Кон една феминистичка театарска критика на разлики”**, во Зборник на Теарскиот Фестивал “Војдан Чернодрински”, приредила Јелена Лужина, Прилеп, 1998;“**Студија на акцијата и лекцијата во Хамлет-Машина од Хајнер Милер**” во *Тетарски гласник*, бр., Скопје, 1998; “**Le theatre macédonien**” in *Le dictionnaire encyclopédique du théatre macédonien* , éd. Larousse-Bordass, Paris, 1998; “**Митос : Ритуал за еден краток век**”, во *Културен живот*, бр. 4, Скопје,1998; “**Македонската драматургија и драматика наспроти интеркултуралноста и интеркултуралниот театар”** во *Македонската драматика и драматургија помеѓу традицијата и современоста*, Зборник на театарскиот фестивал “Војдан Чернодрински”, приредила Јелена Лужина, Прилеп, 1997.

Деспина Ангеловска е и автор на неколку раскази од кои расказот “**Градска сказна**”е објавен во *Антологијата на Скопски раскази,* Темплум, Скопје,1998. Д-р. Ангеловска е автор и на бројни преводи од француски, меѓу кои: Жан Бодријар, ***Cool memories***, 1995, Темплум, Скопје; Жак Лакан, “**Канава**”, ин Теорија на драмата и театарот, приредила Јелена Лужина, Детска радост, Скопје, 1998; Бернар-Мари Колтес : ***Роберто Зуко*** во Маргина, бр. 4, Темплум, Скопје,1998; Еужен Јонеско : ***Текстови за театарот***, во Културен живот, бр., 2000, Жан Бодријар, Симулакруми и симулација, Магор, Скопје, 2001; Лис Иригаре, ***Спекулум на другата жена,*** Истражувачки центар за родови студии, Институт Евро-Балкан, Скопје, 2003; Бернар-Мари Колтес, ***Во самотијата на памучните полиња***, Културен Живот, Скопје; Бернар-Мари Колтес, ***Роберто Зуко***, во ММЕ…Антологија на новата европска драма, приредила Јелена Лужина, Магор, Скопје, 2004; Жак Дерида “**Книжевноста тајно: едно невозможно средство**” во Идентитети, Том 3, бр.2, Истражувачки центар за род и политика, Скопје, 2004; Жак Дерида “**Јазикот на странецот**” во Идентитети, Том 3, бр.2, Истражувачки центар за род и политика, Скопје, 2004; Жан Батист Молиер, ***Дон Жуан***, Драмски театар Скопје, 2006; Игор Штикс, ***Државјанство без Држава,***

***предградија без право на граѓанство***, во Идентитети: Списание за политика, род и култура,Том 5 / бр. 1 / Зима 2006, издава Истражувачки центар за родови студии, Евро-Балкан Прес, Скопје, 2006; Игор Штикс, ***Елијаховата столица***, роман, Или-Или, Скопје, 2007; Жан-Франсоа Лиотар, ***Постмодерна состојба***, Аз-Буки, Скопје, 2007; Андре-Ив портноф, ***Да се обложиме на интелигенцијата***, Магор, Скопје 2007.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на до сега посоченото, Рецензенската комисија заклучува дека кандидатката, д-р Деспина Ангеловска, со своите научно-истражувачки и општествени достигнувања и активности во обласа на театарот, драматургијатаи на културните студии, со своето богато искуство во изведување на високообразовна и едукативна дејност, како и со своите значајни публикации во соодветната област, целосно ги исполнува условите за избор во звање **Вондреден професор** на Факултетот за театарски уметности при Универзитетот за аудио-визуелни уметности ЕСРА Скопје.

Рецензентска комисија:

М-р Јордан Плевнеш, редовен професор с.р

М-р Дејан Пројковски, вондреден професор с.р

М-р Загорка Поп-Антоска, доцент с.р